# ШЕСТИ КВАРТАЛЕН ИЗВЕШТАЈ БЕСПЛАТНА ПРАВНА ПОМОШ

ХЕЛСИНШКИ КОМИТЕТ ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА

**АПРИЛ - ЈУНИ, 2024**

Во шестиот квартал од спроведувањето на проектот „Унапредување на заштитните механизми за бесплатна правна помош и говор на омраза во Република Северна Македонија“, поддржан од страна на Фондацијата Отворено општество – Македонија, правните советници на Хелсиншкиот комитет ги регистрираа следните податоци и ги воочија следните трендови:

### ПОЛ




### ЕТНИЧКА ПРИПАДНОСТ

- 37 Македонци
- 4 Албанци
- 3 Роми
- 2 Турци
- 1 Друго

## 1. ПОДАТОЦИ ЗА БАРАТЕЛИТЕ НА БЕСПЛАТНА ПРАВНА ПОМОШ

За периодот за кој се известува,  вкупно 47 граѓани се обратија со барање за бесплатна правна помош до Хелсиншкиот комитет.

Во делот на половата структура на барателите, 27 баратели беа жени, а 20 беа мажи. Видно од етничката припадност на барателите, 37 беа Македонци, 4 Алабанци,  3 Роми, 2 Турци, 1 друго.

Видно од местото на живеалиште или престојувалиште на барателите, најголем број беа од Скопскиот регион (36), додека од останатите географски региони беа со едноцифрен број на баратели, и тоа: Вардарски (1); Полошки (1); Пелагониски (3); Југозападен (1);  Североисточен (1); Источен (3) и Југоисточен (1).

### ГЕОГРАФСКИ РЕГИОНИ




## 2. ПРИМАРНА ПРАВНА ПОМОШ

- 7 ИМОТНО ПРАВО
- 6 СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА И ОСИГУРУВАЊЕ
- 3 ЗАШТИТА НА ДЕЦА
- 1 ПЕНЗИСКО И ИНВАЛИДСКО ОСИГУРУВАЊЕ
- 3 ЗДРАСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ И ЗАШТИТА
- 7 РАБОТНИ ОДНОСИ
- 6 РОДОВО БАЗИРАНО И СЕМЕЈНО НАСИЛСТВО
- 1 СТАТУСНИ ПРАШАЊА
- 8 ЗАШТИТА НА ЧОВЕКОВИ ПРАВА
- 7 ДРУГИ

Во шестиот квартал од проектот, не доминираа барања за бесплатна правна помош во одредена област, туку барањата се однесуваа речиси подеднакво на правни прашања од областа на имотното право, социјалната заштита, работните односи, семејното и родово базирано насилство и заштита на човековите права.

Во делот имотното право, барањата се однесуваа повторно на правните прашања во врска со приватизација на градежно земјиште, долготрајни управни постапки за денационализација и утврдување бесправен статус на објекти, како и поплаки за вознемирување на владение или сопственост.

Барањата за бесплатна правна помош во во областа на социјалната заштита и семејното насилство, повторно беа меѓусебно поврзани на начин што, најчесто, жртвите на семејното насилство едновремено беа лица во социјален ризик.

Барањата за бесплатна правна помош во областа на работните односи и натаму се состоеа од различни правни прашања во врска со вознемирување на работно место (мобинг), непријавена работа, задоцнета исплата на плати или регрес за годишен одмор, нерегистрирана/неплатена прекувремена работа, здравствено и социјално осигурување за време на породилно отсуство или боледување, непочитување мерки за безбедност и здравје при работа, до правни прашања во врска со врачени откази на договорите за работа без отказен рок.

„Проектот е финансиран од Фондација - Отворено општество Македонија“.

FOUNDATION OPEN SOCIETY MACEDONIA / ФОНДАЦИЈА ОТВОРЕНО ОПШТЕСТВО МАКЕДОНИЈА

УНАПРЕДУВАЊЕ НА ЗАШТИТНИТЕ МЕХАНИЗМИ ЗА БЕСПЛАТНА ПРАВНА ПОМОШ И ГОВОР НА ОМРАЗА

Содржината е единствена одговорност на авторите и на грантистот, и на ниту еден начин не може да се смета дека ги изразува гледиштата и ставовите на Фондација - Отворено општество Македонија“.